Бр./Nr 12-646/4
26-07-2024г.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 8-та седница одржана на 24.07.2024 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата заведена под број 12-646/1 од 07.02.2024 година, со наводи за непостапување на институции по однос на поднесени барања за слободен пристап до информации од јавен карактер, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај од причина што пријавените дејствија не се дејствија по кои ДКСК има надлежност да постапува.

Предметот со број 12-646/1 од 07.02.2024 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на познат подносител, на ден 07.02.2024 година, поднесена е пријава во која се изнесени наводи против ------------ -- ------- - -------- заради непостапување по однос на поднесено барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, при што оформен е предмет број 12-646/1 од 07.02.2024 година. Во пријавата е посочено дека од страна на ---------- не било постапено по однос на поднесеното барање на подносителот заради доставување на одговор со прилог на побараните податоци и информации за вкупниот број на регистрирани фарми за одгледување на овци на подрачјето по течението на реката Злетовица од с.Неокази до нејзиниот влив во реката Брегалница на с. Бурилчево и другите села кои гравитират во околината на таа област.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

По однос на овие наводи подносителот достави барање за повлекување на пријавата и побара прекин на евентуалното постапување по истата, доставено преку електронска пошта и заведено со архивски број 12-646/2 од 20.02.2024 година, а во кое што е наведено дека побараните информации од страна на ------------ се доставени како одговор на неговото барање.

На ден 11.04.2024 година од страна на истиот подносител до ДКСК поднесена е пријава, во која се изнесени наводи за незадоволство на донесено Решение издадено од ---- со број 16.1.2-396/5 од 09.04.2024 година за одговор на барање за слободен пристап до бараната информација. Се посочува дека подносителот до ресорното министерство доставил барање за пристап до информации од јавен карактер при што побарал официјално мислење од ----- по однос на застарување на санкција за сообраќаен прекршок, по што од страна на ----------- -- --------- --------- Сектор за односи со јавност и протокол било доставено Решение за одговор на барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, со кое што известува за ненадлежност при што подносителот го упатува до Министерството за правда, како ресорно министерство за предметниот закон.

По разгледување на предметните наводи, ДКСК констатира дека по однос наводите против ------------ -- ------- - -------- нема основ за постапување од причина што пријавата е повлечена, додека за предметните наводите од пријавата против ----, констатира дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај од причина што пријавените дејствија не се дејствија по кои ДКСК има надлежност да постапува.

Имајќи го предвид наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Татјана Димитровска

Изготвил:П.Б., советник
Контролирал:Ј.Ц.,раководител
Одобрил: З.Б., член на ДКСК
Доставено до:
-подносителот на пријавата

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk